Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

# П Р Е Д Л О Г

# НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СУДСКИОТ БУЏЕТ

Јули 2010 година

## В О В Е Д

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Законот за судскиот буџет беше донесен во 2003 година. Донесувањето на Законот за судскиот буџет беше предопределено од операционализација на уставниот постулат за поделба на власта на законодавна, извршна и судска. Овој принцип на поделба на власта, утврден со Уставот на Република Македонија ја налага потребата за зајакнување на независноста на судството и во однос на финансирањето и одлучувањето за потребите на потребни финансиски средства неопходни за функционирање на судската власт во Република Македонија.

До сега овој закон е изменуван и дополнуван два пати и тоа: првиот пат во 2006 година заради вметнувањето на новоформираната Академија за обука на судии и јавни обвинители во системот за финансирање на судската власт и вторите измени и дополнувања од 2008 година кога се направи концепциска промена во поставеноста на Судскиот буџетски совет. Имено, со овие измени и дополнувања судскиот буџетски совет кој беше лоциран во Врховниот суд на Република Македонија премина во Судскиот совет на Република Македонија и наместо претседателот на Врховниот суд на Република Македонија кој беше претседател на Судскиот буџетски совет, со измените и дополнувањата беше пропишано дека претседател на Судскиот буџетски совет е претседателот на Судскиот совет на Република Македонија. Исто така, стручната служба на Судскиот буџетски совет премина во Судскиот совет на Република Македонија.

Во Законот за судскиот буџет е уредена постапката за изготвување, усвојување и менаџирање на средствата наменети за финансирање на судската власт. При тоа клучната улога ја игра Судскиот буџетски совет кој го сочинуваат претседател и девет члена. Имено, претседател на Судскиот буџетски совет е претседателот на Судскиот совет на Република Македонија, а членови се министерот за правда, претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, претседателот на Управниот суд, претседателите на четирите апелациони судови, директорот на Академијата за обука на судии и јавни обвинители и двајца претседатели на основни судови од кои еден од судовите со проширена надлежност по систем на ротација со мандат од две години.

Во Законот судски буџет се вградени меѓународните стандарди содржани во следниве меѓународни документи: Декларација на ООН за независност на судството", точки 33 и 34, „Фундаментални принципи на ООН за независност на судството, точка 7, Препорака бр. 12 на Советот на Европа, точка 29.

Судската власт својата буџетска независност ја започнува на 1 јануари 2004 год, со влегувањето во сила на Законот за судски буџет, со

пренесен долг од претходната година во износ од 46 милиони денари, одобрен буџет од 1.113.413. 000 денари и 33 единки корисници.

Денеска, по шест години, буџетот на судската власт има 36 единки корисници, обучен кадар за изготвување, утврдување и извршување на буџетот, и висина од 1.775.594.000 денари буџет.

Клучно да се истакне е дека, во услови на претходно утврден буџет, од денот на влегување во сила на Законот за судски буџет, 1 јануари 2004 год, донесени или изменети и имплементирани се повеќе од 25 закони кои директно или индиректно влијаат на нормалното функционирање на судовите. Истите се имплементирани од судската власт во рамките на тековните годишни буџети.

Во однос на Буџетот на РМ, судската власт е буџетски корисник од прва линија , која во својот состав содржи 36 единки корисници.

Судската власт ја вршат Врховниот суд на РМ, апелационите судови и основните судови основани со Законот за судови. Судовите во Република Македонија се самостојни и независни државни органи кои судат врз основа на Уставот и законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот и ја обезбедуваат примената на правото и заштитата на човековите слободи и права. Судскиот совет на РМ е институција која врши избор на судиите и согласно уставните амандмани е гарант на независноста и самостојноста на судската власт. Академијата за обука на судии и јавни обвинители е установа од јавен карактер која организира и спроведува почетна и континуирана обука за кандидатите за судии, судиите и стручниот и административно техничкиот кадар на судската администрација, со цел обезбедување високо стручна и професионална судска администрација.

Фискалната стратегија на РМ за периодот 2010 – 2012 година ги дефинира насоките, од аспект на макроекономска политика, за успешна реализација на целокупниот процес на планирање и извршување на буџет на Република Македонија среднорочно. Во тој контекст, Владата на РМ ги дефинира следните, основни, стратешки приоритети: излегување на македонската економија од рецесија, постепено закрепнување на економскиот раст и подобрување на животниот стандард на населението, како и продолжување со реформските активности неопходни за пристапување на РМ во ЕУ и НАТО. Вака дефинираните приоритети меѓу останатото подразбираат понатамошно зајакнување на борбата против криминалот и корупцијата и почитување на правото чија имплементација е директно врзана за расположливи соодветно наменети средства.

Во делот на проектираните расходи на буџетот на РМ во наредниот период се очекува намалување на нивото на јавна потрошувачка и подобрување на нејзината структура, односно консолидираниот буџет во наредниот среднорочен период би изнесувал околу 35% од БДП (очекуван

БДП за 2010 год 412.591 милиони денари ), со зголемување на учеството на капиталните расходи за сметка на намалување на тековните расходи. Додека во делот на расходите наменети за исплата на плати и надоместоци ќе продолжи политиката за стриктна дисциплина за нови вработувања во јавниот сектор.

Учеството на судскиот буџет во БДП за 2010 година изнесува 0,43%, а одобрениот буџет по жител, споредено со проектираниот број на населението на Република Македонија , изнесува приближно 760 денари или околу 12,34 ЕВРА.

Компаративните показатели за расходите по број на жител во државите членки на Европската унија покажуваат дека Република Македонија со ниво на одобрени средства во 2010 година е далеку од одобрените средства за судската власт кај другите држави со состојба во 2006 година.

Обемот, квалитетот и степенот на развој на човечките ресурси и нивниот потенцијал го условува функционирањето, независноста и ефикасноста на судската власт, како и степенот на доверба на судската власт во нашето општество. Имајќи во предвид дека судиската функција е носечкиот столб во обезбедувањето и заштитата на правдата, човековите права и слободи, обезбедувањето на соодветни услови од сите аспекти за непречено реализирање на истата е дефинирано како приоритет на Судскиот буџетски совет.

Согласно податоците добиени од Судскиот совет, вкупниот број на потребни судии на ниво на државата изнесува 696 судии, при што со состојба 01.01.2010 година пополнетоста на судиски места изнесува 93 %, односно 648 судии.

Структурата на судскиот буџет во РМ е дефинирана од Министерството за финансии, најнапред преку дефинирање на средствата за плати и другите ставки, а потоа и преку целосна распределба на буџетот по категории и потставки. Судската власт во изминатиот период немаше речиси никакви можности за позначајни влијанија во однос на структурата.

Анализата на расходите по групи сметки дава информација дека најголем дел од расходите (кои се движат меѓу 81,39% и 84,06%) се наменети за плати и надоместоци, а потоа следат расходите наменети за стоки и услуги (кои се движат меѓу 11,59% и 14,94%), капиталните расходи се на многу ниско ниво (се 2,95% до 3,36%). Ваквата структура не е компатибилна со современите европски текови (податоците следат подолу во текстот) каде ставката наменета за плати е многу пониска од онаа во македонското судство.

Доколку се има во предвид степенот на информатичка технологија на судската власт во РМ, ќе се заклучи огромната зависност на македонското судство од донации во овој дел и дека токму во тој правец во иднина ќе мора да се направат сериозни заложби за подобрување на структурата, а за сметка пред се на учеството на категоријата плати, се разбира во соодветна временска динамика.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ

Законот за изменување и дополнување на Законот за судски буџет се заснова врз истите начела на кои се заснова Законот за судскиот буџет.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предложените законски одредби ќе предизвикаат одредени дополнителни фискални импликации во висина од 508.385 денари, за една календарска година започнувајќи од буџетската 2012 година, во наредните три години.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Потребните средства за имплементација на законот е потребно да се обезбедат од Буџетот на Република Македонија во делот наменет за финансирање на судската власт.

## V. ПРЕГЛЕД НА РЕГУЛАТИВИ ОД ДРУГИ ПРАВНИ СИСТЕМИ И УСОГЛАСЕНОСТ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН СО ПРАВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Во Предлог-законот се внесени меѓународните стандарди содржани во: Декларација на ООН за независност на судството", точки 33 и 34, „Фундаментални принципи на ООН за независност на судството, точка 7, Препорака бр. 12 на Советот на Европа, точка 29.

## ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СУДСКИОТ БУЏЕТ

Член 1

Во Законот за Судскиот буџет („Службен весник на Република Македонија” бр. 60/03, 37/06 и 103/08), во член 1 по ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Со судскиот буџет се обезбедува стабилно, долгорочно, рамномерно и соодветно финансирање на судската власт, а со цел да се обезбеди нејзината уставна и законска независност и самостојност.”

Ставот 2 кој станува став 3 се менува и гласи: „Со судскиот буџет се финансираат: судовите, Судскиот совет на Република Македонија и Академијата за судии и јавни обвинители (во натамошниот текст: единки корисници).”

Член 2

Во член 2 ставот 1 се менува и гласи:

„Судскиот буџет претставува годишна процена на приходите и трошоците на единките корисници што ги утврдува Собранието на Република Македонија и е наменет за нивно финансирање.”

Член 3

Во членот 3 по зборовите „Република Македонија” точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „донации и сопствени приходи (депозити, закупнини, судски паушали и сл.) на единките корисници”.

Член 4

Членот 4 се менува и гласи:

„Делот на средствата „Судска власт” во Буџетот на Република Македонија, потребни за функционирање на единките корисници, се утврдува во износ од најмалку 0,8% од Бруто домашниот производ, а во согласност со критериумите утврдени од Судскиот буџетски совет, врз основа на фискалната политика и главните параметри за процена на приходите и трошоците.

Во случај на ребаланс на Буџетот на Република Македонија не може да се намалуваат средствата наменети за финансирање на судската власт.

Средствата од делот “Судска власт”, Судскиот буџетски совет ги распределува на единките корисници.

Во рамките на судскиот буџет се утврдуваат средства за непредвидени случаи како постојна и тековна резерва кои не можат да надминат 2% од тековните расходи на Судскиот буџет.

Утврдените средства за непланираните случаи и активности се наменети за покривање на расходи во случаи на виша сила, елементарни непогоди и други активности кои во текот на подготовката на буџетот за судска власт не можеле да бидат предвидени.

При распределувањето на средствата од ставот 1 на овој член, најмалку 2,5 % задолжително се издвојуваат за стручно усовршување на судиите, судските службеници, државните службеници, судската полиција и другите вработени во судовите.

Член 5

Членот 5 се менува и гласи:

Трошоците на судскиот буџет ги сочинуваат:

1. Тековните трошоци:

- за платите и надоместоците на членовите на Судскиот совет на Република Македонија, судиите и директорот на Академијата за судии и јавни обвинители ;
- за платите и надоместоците на судските службеници,судската полиција, другите вработени во судовите, како и државните службеници во Судскиот совет на Република Македонија и Академијата за судии и јавни обвинители;
- за стоки и услуги за работа на единките корисници;
- за трошоци во постапките, освен за трошоците за надоместок на штета за лица неосновано осудени и неосновано лишени од слобода и
- субвенции и трансфери.

2. Капиталните расходи:

- набавка на капитални средства за единките корисници и
- инвестиционо одржување на објектите и опремата на единките корисници.

Член 6

Во член 7 во ставот 2 на крајот на реченицата се додава нова реченица која гласи: „Заменик во негово отсуство е претседателот на Врховниот суд на Република Македонија."

По ставот 3 се додава нов став 4 кој гласи:

„На седницата на Судскиот буџетски совет на која се утврдува предлог буџетот на судската власт може да присуствува министерот за финансии без право на одлучување."

Ставот 4 станува став 5.

Член 7

Во член 8 ставот 3 се менува и гласи:

„На седницата на Судскиот буџетски совет присуствува и раководителот на стручната служба на Судскиот буџетски совет без право на одлучување. “

Во ставот 4 по зборовите „го застапува” се додаваат зборовите „и презентира”.

Член 8

Во член 9 став 1 во алинеите 2 и 3 зборовите „судовите и Академијата за обука на судии и јавни обвинители” се заменуваат со зборовите „единките корисници”.

Во алинејата 5 по зборовите „другите внатрешни акти” се додаваат зборовите „и формира помошни тела”.

Во алинејата 7 по зборовите „Судска власт” се додаваат зборовите „и може да го овласти претседателот на Судскиот буџетски совет да врши пренамена на средствата определени во делот „Судска власт“ до определен износ”, а сврзникот „и” се заменува со точка и запирка.

По алинејата 7 се додава нова алинеја 8 која гласи:

„ - централизирано спроведување постапки за јавни набавки за единките корисници;”

Член 9

Во член 10 ставот 1 се менува и гласи:

„Стручните и административните работи на Судскиот буџетски совет ги врши стручната служба на Судскиот буџетски совет.“

Член 10

Во член 11 алинејата 2 се менува и гласи:

„ ги разработува финансиските показатели поврзани со барањата на единките корисници и ги следи нивните материјални потреби;”

Член 11

Во член 13 ставот 1 се менува и гласи:

„Судскиот буџетски совет изготвува циркулар во кој се содржани главните насоки за изготвување на финансиските планови на единките корисници кој го доставува до единките корисници.”

Член 12

Во член 14 во ставот 1 зборовите „Судовите и Академијата за обука на судии и јавни обвинители” се заменуваат со зборовите „Единките корисници”.

По ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„Основните судови, како единки корисници, најдоцна до 15-ти мај во тековната година податоците од став 1 на овој член ги усогласуваат на ниво на апелационото подрачје."

Член 13

Во член 15 во ставот 2 на крајот на реченицата се додаваат зборовите: „и до Судскиот буџетски совет, а Судскиот буџетски совет до Владата на Република Македонија доставува мислење по извештајот на Министерството за финансии. "

Член 14

Членот 16 се менува и гласи:

„Функционерот кој раководи со единката корисник е одговорен за извршувањето на финансискиот план во единката корисник."

Член 15

Во член 17 во ставот 2 зборовите „судовите и Академијата за обука на судии и јавни обвинители" се заменуваат со зборовите „единките корисници".

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 16

Предвидениот процент во член 4 став 1 од овој закон ќе се достигне со тоа што процентот од судскиот буџет во однос на БДП ќе започне да се зголемува од буџетската 2012 година и во наредните три години ќе го достигне предвидениот процент од 0,8% од БДП.

Член 17

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1-ви јануари 2011 година.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е
## НА ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СУДОВИТЕ

### I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Со Предлог - законот за изменување и дополнување на Законот за судскиот буџет се доуредува материјата што е пропишана во законот и се отстрануваат одредени недостатоци што беа идентификувани во неговата досегашна примена.

Со членот 1 од Предлогот се допрецизира членот 1 од Законот со што се зајакнува независноста на судството во сегментот на неговото финансирање. Имено, во овој член се пропишува дека со судскиот буџет се обезбедува стабилно, долгорочно, рамномерно и соодветно финансирање на судската власт, а со цел да се обезбеди нејзината уставна и законска независност и самостојност. Исто така, во ставот 3 се дефинираат единките корисници, а тоа се: судовите, Судскиот совет на Република Македонија и Академијата за судии и обвинители.

Во членот 2 од Предлогот се врши усогласување во однос на единките корисници.

Во членот 3 како приходи на судскиот буџет покрај средствата определени од Буџетот на Република Македонија се додаваат и донациите и сопствените приходи на единките корисници.

Членот 4 го утврдува најмалиот износ од Бруто домашниот производ – 0,8 % кој е потребен за функционирање на единките корисници. Исто така, во овој член се пропишува и гаранција дека во случај на ребаланс на Буџетот на Република Македонија не може да се намалуваат средствата наменети за финансирање на судската власт. Во овој член се утврдува и постојана и тековна резерва. Имено, пропишано е дека утврдените средства за непланираните случаи и активности се наменети за покривање на расходи во случаи на виша сила, елементарни непогоди и други активности кои во текот на подготовката на буџетот за судска власт не можеле да бидат предвидени. Посебно значајно е дека во овој член се утврдува износ од најмалку 2,5 % што задолжително се издвојува за стручно усовршување на судиите, судските службеници државните службеници, судската полиција и другите вработени во судовите.

Во членот 5 се врши номотехничко усогласување и од трошоците за постапките се изземаат трошоците во кривичните постапки кои обвинетите ги побаруваат по основ надоместок на штета за лица неосновано осудени и неосновано лишени од слобода во ослободителните пресуди. Исто така, како тековни трошоци се додаваа и субвенциите и трансферите.

Во членот 6 од Предлогот се предвидува дека заменик на претседателот на Судскиот буџетски совет е претседателот на Врховниот суд на Република Македонија. Исто така, во овој член е пропишано дека на седницата на Судскиот буџетски совет на која се утврдува предлог буџетот на судската власт може да присуствува министерот за финансии без право на одлучување.

Во членот 7 од Предлогот се пропишува дека на седниците на Судскиот буџетски совет присуствува и раководителот на Стручната служба на Судскиот буџетски совет. Исто така, во овој член се додава нова надлежност на претседателот на Судскиот буџетски совет, во смисла дека покрај застапувањето тој го презентира делот на средствата „Судска власт" од Буџетот на Република Македонија пред Владата на Република Македонија, работните тела и на седницата на Собранието на Република Македонија кога се донесува Буџетот на Република Македонија.

Во членот 8 се врши усогласување во смисла на единките корисници на судскиот буџет, а се пропишуваат и нови надлежности на Судскиот буџетски совет: да формира помошни тела и да спроведува централизирани постапки за јавни набавки на единките корисници. Исто така во овој член е пропишано дека Судскиот буџетски совет може да го овласти Претседателот на Судскиот буџетски совет да врши пренамена на средствата определени во делот Судска власт до определен износ.

Во членот 9 од Предлогот е пропишано дека стручните и административните работи на Судскиот буџетски совет ги врши Стручната служба на Судскиот буџетски совет.

Во членовите 10, 11, 12 и 15 од Предлогот се врши усогласување во делот на единките корисници. Исто така во членот 12 се пропишува дека основните судови, како единки корисници, најдоцна до 15-ти мај во тековната година податоците од став 1 од овој член ги усогласуваат на ниво на апелационото подрачје.

Во членот 13 од Предлогот се пропишува обврска за Министерството за финансии, Извештајот што го изготвува доколку не се усогласи со Судскиот буџетски совет за делот на средствата за финансирање на „Судската власт" да го достави и до Судскиот буџетски совет, кој до Владата на Република Македонија доставува мислење по однос на наведениот извештај.

Во членот 14 е пропишано дека функционерот кој раководи со единката корисник е одговорен за извршувањето на финансискиот план во единката корисник.

Во членот 16 од Предлогот се утврдува дека предвидениот процент во член 4 став 1 од овој закон ќе се достигне со тоа што процентот од судскиот буџет во однос на БДП ќе започне да се зголемува од буџетската 2012 година и во наредните три години ќе го достигне предвидениот процент од 0,8% од БДП.

Во член 17 од Предлогот се уредува влегувањето во сила на овој закон а се предвидува дека ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2011 година.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Со предложениот закон не се засега во решенијата содржани во други постојни закони

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИОТ ЗАКОН

Со донесувањето на овој закон ќе се зајакне независноста на судството во делот на неговото финансирање.

**ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА СУДСКИОТ БУЏЕТ КОИ СЕ МЕНУВААТ**
**(Сл.весник на Република Македонија бр.60/03, 37/06 и 103/08)**

Член 1

Со овој закон се уредува постапката за изготвување, утврдување и извршување на судскиот буџет и основањето и работењето на Судскиот буџетски совет.
Со судскиот буџет се финансира судската власт во Република Македонија и Академијата за обука на судии и јавни обвинители.

Член 2

Судскиот буџет претставува годишна процена на приходите и трошоците на судската власт и на Академијата за обука на судии и јавни обвинители, што ги утврдува Собранието на Република Македонија и е наменет за финансирање на судската власт и Академијата за обука на судии и јавни обвинители.
Судскиот буџет е дел од Буџетот на Република Македонија издвоен како посебен дел означен со "Судска власт".

Член 3

Приходи на судскиот буџет се средствата определени од Буџетот на Република Македонија.

Член 4

Делот на средствата "Судска власт" во Буџетот на Република Македонија, се утврдува во вкупен износ во согласност со критериуми утврдени од Судскиот буџетски совет, врз основа на фискалната политика и главните параметри за процена на приходите и трошоците.
Средствата од делот "Судска власт", Судскиот буџетски совет ги распределува на судовите. При распределувањето на средствата од ставот 2 на овој член, најмалку 2% задолжително се издвојуваат за стручно усовршување на судиите, државните службеници, судската полиција и другите вработени во судовите и на Академијата за обука на судии и јавни обвинители.

Член 5

Трошоците на судскиот буџет ги сочинуваат:
1. Тековни трошоци:
- за платите и надоместоците на судиите;
- за платите и надоместоците на државните службеници, судската полиција и другите вработени во судовите;
- за стоки и услуги за работа на судовите;

- за трошоци во постапките;
- плаќањата за други трошоци од редовната работа на судовите и
- за стручно усовршување на судиите, државните службеници, судската полиција и другите вработени во судовите.
- за платите и надоместоците на вработените во Академијата за обука на судии и јавни обвинители;
- за стоки и услуги за работа на Академијата за обука на судии и јавни обвинители;
- плаќањата за други трошоци од редовната работа на Академијата за обука на судии и јавни обвинители и
- за почетна обука на кандидати за судии и заменици на јавни обвинители и постојано стручно усовршување на судиите, јавните обвинители, нивните заменици, на судските и обвинителските службеници, како и на државните службеници во Министерството за правда кои вршат работи од областа на правосудството.
2. Капитални трошоци:
- набавката на капитални средства за судовите и
- инвестиционо одржување на објектите и опремата на судовите
- набавката на капитални средства за Академијата за обука на судии и јавни обвинители и
- инвестиционо одржување на објектите и опремата на Академијата за обука на судии и јавни обвинители.

Член 7

Судскиот буџетски совет го сочинуваат претседател и десет члена.
Претседател на Судскиот буџетски совет е претседателот на Судскиот совет на Република Македонија.
Членови на Судскиот буџетски совет се:
- министерот за правда;
- претседателот на Врховниот суд на Република Македонија; - претседателот на Управниот суд Скопје;
- претседателите на Апелациониот суд во Скопје, Апелациониот суд во Штип, Апелациониот суд во Битола и Апелациониот суд во Гостивар;
- двајца претседатели на основните судови по редослед утврден во Законот за судовите, од кои еден претседател од судовите со проширена надлежност, по системот на ротација, со мандат од две години и
- директорот на Академијата за обука на судии и јавни обвинители.
Во работата на Судскиот буџетски совет учествуваат и претставници од Министерството за финансии, но без право на одлучување.

Член 8

Судскиот буџетски совет работи на седници. Седниците на Судскиот буџетски совет ги свикува и со нив раководи претседателот на Судскиот буџетски совет.
Судскиот буџетски совет одлуките ги донесува со мнозинство гласови

од вкупниот број на членови.
На седницата на Судскиот буџетски совет присуствува и раководителот на стручната служба на Судскиот буџетски совет без право на одлучување.
Претседателот на Судскиот совет на Република Македонија го застапува делот на средства "Судска власт" од Буџетот на Република Македонија, на седницата на Владата кога се усвојува предлогот на Буџетот на Република Македонија и пред работните тела и на седницата на Собранието кога се донесува Буџетот на Република Македонија.

Член 9

Судскиот буџетски совет ги има следниве надлежности:
- ги утврдува критериумите и методологијата за изготвување на судскиот буџет;
- врши распределба на средствата од судскиот буџет на судовите и на Академијата за обука на судии и јавни обвинители и презема мерки за навремено извршување на судскиот буџет;
- одобрува средства за нови вработувања во судовите и во Академијата за обука на судии и јавни обвинители" во рамките на утврдениот судски буџет за маса на исплата на плати;
- го назначува внатрешниот ревизор;
- го донесува Деловникот за работа на Судскиот буџетски совет и другите внатрешни акти;
- го изготвува годишниот извештај за извршувањето на судскиот буџет;
- врши пренамена на намената на средствата определени во делот "Судска власт" и - врши други работи предвидени со закон.

Член 10

Стручните и административните работи на Судскиот совет на Република Македонија ги врши стручна служба на Судскиот совет на Република Македонија.
Стручната служба се формира како внатрешна организациона единица на Судскиот совет на Република Македонија.

Член 11

Стручната служба ги врши следниве работи:
- ги извршува одлуките на Судскиот буџетски совет;
- ги разработува финансиските показатели поврзани со барањата на судовите и на Академијата за обука на судии и јавни обвинители и ги следи материјалните потреби на судството;
- ги изготвува Деловникот за работа на Судскиот буџетски совет и другите внатрешни акти, како и критериумите и методологијата за подготвување на судскиот буџет и ги поднесува на Судскиот буџетски совет на усвојување и
- врши други работи доверени од Судскиот буџетски совет.

Член 13

Судскиот буџетски совет изготвува циркулар во кој се содржани главните насоки за изготвување на финансиските планови на судовите и на Академијата за обука на судии и јавни обвинители и ги доставува до судовите и до Академијата за обука на судии и јавниобвинители.

Во циркуларот од ставот 1 на овој член е содржана методологијата за изготвување на финансискиот план на корисниците (клучните параметри, постапката и рокот за изготвување на финансиските планови), како и индикативните вкупни трошоци за секој корисник, во чии рамки треба да биде изготвена проценатa по видови и неопходните податоци кои се приложуваат кон буџетот.

Член 14

Судовите и Академијата за обука на судии и јавни обвинители најдоцна до 1 јуни во тековната година до Судскиот буџетски совет ги доставуваат следниве податоци:

- процена на трошоците за фискалната година, според трошковни ставки и потставки;
- процена на трошоците за наредните две фискални години по трошковни ставки и потставки;
- преглед на потребните расходи за неопходното вработување за извршување на функциите на корисниците;
- предлози кои ги содржат идните обврски или повеќегодишните трошоци, вклучувајќи ги инвестиционите проекти искажани поединечно и
- трошоците за секоја идна година искажани одделно.

Покрај податоците од ставот 1 на овој член, корисниците доставуваат и образложение за висината на износите по позиции.

Член 15

По добивањето на податоците од членот 14 на овој закон, Судскиот буџетски совет го изготвува предлогот на судскиот буџет и заедно со образложението за висината на износот го доставува до Министерството за финансии.

Пред доставувањето на предлогот на Буџетот на Република Македонија до Владата на Република Македонија, министерот за финансии задолжително го усогласува делот на средствата "Судска власт" од предлогот на Буџетот на Република Македонија со претседателот на Судскиот буџетски совет. Доколку не се постигне согласност, Министерството за финансии изготвува извештај и го доставува до Владата на Република Македонија.

Член 16

Претседателот на судот и директорот на Академијата за обука на судии и јавни обвинители се одговорни за извршувањето на финансискиот план во судот, односно во Академијата за обука на судии и јавни обвинители.

Член 17

Судскиот буџетски совет го следи извршувањето на финансискиот план и доколку во извршените контроли се констатираат неправилности и злоупотреби од претседателот на судот и од директорот на Академијата за обука на судии и обвинители во процесот на извршувањето на финансискиот план, ги известува Врховниот суд на Република Македонија, Министерството за правда, Републичкиот судски совет, Академијата за обука на судии и обвинители, Министерството за финансии и Државниот завод за ревизија.

Внатрешна ревизија на извршувањето на финансиските планови во судовите врши внатрешен ревизор назначен од Судскиот буџетски совет.